РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Предлог на Закон
за изменување и дополнување на Законот ветеринарното здравство

Скопје, јули 2012 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11 и 136/11) ја уредува здравствената заштита на животните и делови на јавното ветеринарно здравство од аспект на здравствена заштита на животните. Надлежен орган за спроведување на законот е Агенцијата за храна и ветеринарство

која има обврска да обезбеди здравствена заштита на животните, спроведување на мерките на здравствена заштита како и на годишните и повеќегодишните програми за здравствена заштита на животните. Досегашната пракса на обезбедување на поркиеност на целата територија на Република Македонија е уредена во членовите 40, 40-а, 41, 42 и 44 каде по објавување на јавен конкурс на избраните учесници на конскурсот за секоја епизотиолошка единица им се издаваа решение за овластување на ветеринарни амбуланти, ветеринарни клиники и ветеринарни болници за вршење на активности од областа на здравствената заштита на животни и активности од областа на ветеринарното јавно здравство како и за назначување на овластени ветеринари. Решенијата од спроведениот јавен конкурс се издаваат со време траење од пет години секако доколку овластените друштва во тој период продолжат да ги исполнуваат условите утврдени со закон и условите од договорот за вршење на договорените активности. Сегашниот пристап треба да биде заменет со нов кој ќе овозможи поголема флексибилност, кој ќе биде ефикасен и ќе понуди поголема покриеност на теренот без периоди на прекин.

Во однос на увоз на домашните миленици се наметна потреба од изменување на сегашниот ситем за надзор.

И конечно, поради новите мерки кои се носат во ЕУ, предлог законот треба да предвиди одредба со која на директорот на Агенцијата му се овозможува да во со закон определени случаи пропишува прописи по спроведената постапка на Комисијата на ЕУ со која Комисијата одлучува по прашања од областа на ветеринарно здравство и безбедност на храна, заради усогласување со ЕУ законодавство.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлогот на законот за изменување и дополнување на законот за ветеринарно здравство се заснова на истите начела на кој е донесен и Законот за ветеринарно здравство.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗКОНОТ И НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија .

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНОТО ЗДРАВСТВО

Член 1

(1) Во Законот за ветеринарното здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11 и 136/11) во членот 3 по точка 17) се додава нова точка 17-а) која гласи:
„17-а) „**Одгледувач**” е правно или физичко лице кое е сопственик на животни или било кое лице овластено од сопственикот и одговорно за чување на животните, дури и привремено.“

Член 2

По членот 10 се додава нов член 10-а кој гласи:

„Член 10-а

Заради одржување или унапредување на нивото на заштита на здравјето на луѓето и животните во Република Македонија, директорот на Агенцијата може да донесе мерки за здравствена заштита на луѓето и животните, да пропише дополнителни услови, да објави листи или да даде одобрение врз основа на критериумите и стандардите кои се применуваат во Европската Унија а кои се донесени врз основа на проценка на можните ризици по здравјето на луѓето и животните и согласно научни докази, по спроведената постапка од страна на Европската Комисија со која Комисијата е овластена да постапува за работи кои се однесуваат на безбедност на храната и ветеринарната политика.“

Член 3

(1) Во членот 36 став (1) зборовите „како трговски друштва“ се бришат.

(2) Во ставот (6) зборовите „пет години,“ се заменуваат со зборовите „две години.“, а зборовите „со можност за продолжување на овластувањето и договорот за наредните пет години, за што треба да поднесат барање до Агенцијата во рок од шест месеца пред истекот на рокот на важењето на одобрението.“ се бришат.
(3) Ставот (7) се брише.
(4) Ставот (8) станува став (7).
(5) Во ставот (9) кој станува став (8) зборовите „став (8)“ се заменуваат со зборовите „став (7)“.
(6) Ставовите (10), (11), (12) и (13) стануваат ставови (9), (10), (11) и (12).

Член 4

Членот 40 се менува и гласи:

„Член 40
Јавен конкурс

(1) Агенцијата објавува јавен конкурс за овластување на ветеринарни амбуланти, ветеринарни клиники и ветеринарни болници и за назначување на овластени ветеринари за вршење на активности од јавен интерес од областа на здравствената заштита на животни од членот 26 на овој закон односно активности од областа на ветеринарното јавно здравство од членот 34 на овој закон.
(2) На јавниот конкурс од став (1) на овој член имаат право да учествуваат сите одобрени ветеринарни друштва.
(3) Пријавените учесници кои ги исполнуваат условите од конкурсот од став (1) на овој член, ќе бидат распределени за вршење на активности од член 26 односно член 34 од овој закон од страна на комисија формирана од директорот на Агенцијата за опшината за која конкурирале.
(4) Распределбата од став (3) од овој член се врши врз основа на бројот на доктори по ветеринарна медицина, бројот на ветеринарни техничари, бројот на животни и одгледувалишта, бројот на оператори со храна и оператори со храна за животни, пристапноста до одгледувалиштата во општината за која конкурирале и други специфични критериуми утврдени со конкурсот.
(5) Овластувањето од став (1) овој член се издава за период од две години.
(6) Висината на надоместокот за вршењето на активностите од став (1) од овој член ја определува Владата на Република Македонија врз основа на реални трошоци потребни за спроведување на активностите.
(7) Незадоволните кандидати на јавниот конкурс можат да поведат управен спор пред надлежен суд.
(8) Директорот на Агенцијата ги пропишува содржината и начинот на спроведување на јавниот конкурс за овластување на ветеринарните амбуланти, клиники и болници како и начинот на назначување на овластените ветеринари.“

Член 5

Во членот 40-а ставот (1) се менува и гласи:
„(1) Издавањето на решение за овластување на ветеринарните служби на одгледувалиштето за вршење на активностите од областа на здравствена заштита на животните од член 26 точки 2) до 22) на овој закон, како и на ветеринарните амбуланти, клиники и болници кои ќе вршат активностите од областа на здравствена заштита на животните од член 26 точа 22) на овој закон, се врши врз основа на поднесено барање.“

Член 6

(1) Во членот 41 став (2) алинејата 4 се брише.
(2) Во алинејата 6 која станува алинеја 5 зборот „годишно“ се брише.
(3) По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:
„(3) Агенцијата го раскинува договорот и го одзема овластувањето од член 40 став (5) од овој закон на ветеринарните амбуланти, клиники и болници ако утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во овој закон.“

Член 7

По членот 41 се додава нов член 41-а кој гласи:

„Член 41-а
Договори на ветеринарни амбуланти, клиники и болници со одгледувачите

„(1) Ветеринарни амбуланти, ветеринарни клиники и ветеринарни болници кои добиле овластување согласно член 40 од овој закон се должни да склучат договор со одгледувачите на животни во рок од три месеци по спроведувањето на конкурсот, за активностите од член 26 од овој закон, за што ја известуваат Агенцијата.
(2) Одгледувачите на животни во рок од три месеци по спроведувањето на конкурсот за овластување согласно член 40 став (1) од овој закон, се должни да склучат договор со распределената односно друга овластена ветеринарна амбуланта, клиника или болница, за спроведување на активностите од член 26 од овој закон.
(3) Одгледувачите на животни можат да поднесат барање за раскинување на договорот со овластена ветеринарна амбуланта, клиника или болница од став (1) од овој член до Агенцијата и да предложат склучување на договор со друга овластена ветеринарна амбуланта, клиника или болница, во кој треба да биде приложена согласноста од предложеното ветеринарно друштво.
(4) Субјектите од овој член овој член може да ги ревидираат и раскинуваат договорите најмногу еднаш годишно, освен во случај на: престанување на работа на друштвото, поништување на одобрението за работа на друштвото, одгледувачот престанал да одгледува животни или заради сериозни нарушувања на системот на здравствена заштита на животните.
(5) До склучување на нови договори продолжуваат да важат договорите од ставовите (1) и (2) на овој член.
(6) Директорот на Агенцијата ја пропишува содржината на договорот од став (1) на овој член.“

Член 8

(1) Во членот 88 во став (2) зборовите „на влезот на граничниот премин“ се заменуваат со зборовите „од страна на официјалниот ветеринар на граничниот премин.“
(2) Ставот (9) се заменува со нов став кој гласи:
“По исклучок од став (2) на овој член, при транзит на домашни миленици наменети за некомерцијални цели, проверката на документите и идентитетот ги вршат царинските органи на граничниот премин.“

Член 9

(1) Во членот 92 во став (1) зборовите „најмногу до пет единки“ се заменуваат со зборовите „до пет или повеќе од пет единки“.
(2) Во став (2) воведната реченица се менува и гласи:
„При увоз покрај условите од член 81 од овој закон домашните миленици треба да ги исполнат и следните услови:“
Точка 1) се менува и гласи:
„1) да се идентификувани со електронско или друго средство за идентификација;“
(3) По ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:
“(4) По исклучок од став (1) на член 85 од овој закон, при увоз на домашни миленици наменети за некомерцијални цели, проверката на документите и идентитетот ги вршат царинските органи на граничен премин.“
(4) Ставот (4) станува став (5).

Член 10

По членот 111-а се додават два нови члена 111-б и 111-в кој гласат:

„Член 111-б

Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице - овластена ветеринарна амбуланта, клиника или болница ако не склучи договор со одгледувачите на животни во предвидениот рок (41-а став (1)).

Член 111-в

(1) Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице одгледувач ако не склучи договор со распределената односно друга овластена ветеринарна амбуланта, клиника или болница во предвидениот рок (41-а став (2)).
(2) Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице одгледувач ако не склучи договор со распределената односно друга овластена ветеринарна амбуланта, клиника или болница во предвидениот рок (41-а став (2))“

Член 11

Договорите за извршување на здравствена заштита на животните од член 36 став (7) и договорите со ветеринарни амбуланти, клиники и болници од член 41 склучени согласно Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11 и 136/11) ќе престанат да важат со денот на склучувањето на договрите од член 41 и член 41-а од овој закон.

Член 12

Подзаконските акти од овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 13

Во случај на повеќекратни или обемни изменувања и дополнувања на овој закон се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст истиот.

Член 14

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНО ЗДРАВСТВО

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со Предлогот на законот за изменување и дополнување на законот за ветеринарно здравство се заменува сегашниот пристап на обезбедување на покриеност на територијата на Република Макеоднија во однос на здравствената заштита на животните со нов кој е пофлексибилен, поефикасе и дозволува наметнување на пазарна конкурентност. Со предложените изменувања и дополнувања се добива поефикасна покриенотс и присуство на Агенцијата за храна и ветеринарство на теренот преку овластените друштва, се упростува постапката за овластување на ветеринарните друштва со што сите ветеринарни друштва можат да вршат јавни овластувања, се намалува периодот за кој на друштвата им се издава овластување а воедно на одгледувачите на животни им е овозможено да го изберат ветеринарното друштво со кое ќе соработуваат.

Покрај одредбите кои го уредуваат спроведувањето на здравствена заштитата и ветеринарно јавно здравство, се менуваат и одребите за увоз на домашни миленици при што дел од надлежностите за споредување на овој закон се пренесуваат на царинските служби и му дава овластувања на директорот на Агенцијата да пропишува прописи кои не се предвидени со Националната проглама за усвојување на законодавството на ЕУ (НПАА) а со цел целосна усогласенот на националните прописи од областа кои ги изготвува Агенцијата.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите на Предлог законот во однос на законот за ветеринарно здравство не се меѓусебно поврзани и се однесуваат на различни работи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на законот за изменување и дополнување на законот за ветеринарно здравство се унапредува системот за здравствена заштита на животните и од областа на ветеринарното јавно здравство, се овозможува вршење на професијата доктор по ветеринарна медицина, се пренесуваат дел од надлежностите од Агенцијата

врз царинските служби и се даваат дополнителни овластувања на директорот на Агенцијата.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНО ЗДРАВСТВО КОИ СЕ МЕНУВААТ

Член 3

**Дефиниции**

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „**Животно**” е секое ’рбетно или без’рбетно животно (вклучувајќи водни животни, влекачи и амфибии);
2. „**Домашен миленик**” е секое животно кое припаѓа на животинските видови кои вообичаено се одгледуваат и чуваат, но не се користи од човекот или одгледува во одгледувалишта, и кое при движење е придружено од сопственикот или друго одговорно лице;
3. „**Домашно животно**” е секое копнено животно чувано од човекот, вклучувајќи домашни миленици и пчели со исклучок на риби;
4. „**Животни за колење**” се добиток освен пчели и живина, наменети за носење во кланица за колење или во собирен центар од каде што можат да бидат однесени само на колење;
5. „**Добиток**” се домашни животни од видовите: копитари, говеда (вклучувајќи ги видовите Bison bison и Bubalus bubalis), свињи, овци, кози, зајаци, живина, пчели и одгледуван дивеч;
6. „**Животни за расплод и производство**” се добиток и животни за колење, вклучувајќи ги и оние наменети за расплод, добивање на месо, волна и млеко, за влеча, изложби или манифестации, со исклучок на животни кои учествувааат во културни или спортски настани;
7. „**Риби**” се риби во сите стадиуми на развој, вклучувајќи јајца и гамети, кои: постојано или повремено живеат во слатки води; се чуваат во морски води; речни јагуловидни примитивни риби (cyclostomata). За риби се сметаат и ракови и школки;
8. „**Живина**” се кокошки, мисирки, бисерки, патки, гуски, препелници, гулаби, фазани, еребици и ноеви (ratitae) размножувани или чувани во затворен или ограден простор заради одгледување или чување за: размножување, производство на месо или јајца за исхрана или за обновување на популација на дивеч;
9. „**Јајца за ведење**” се јајца за инкубација снесени од живина;
10. „**Еднодневни пилиња**” се сите пилиња кои не започнале со исхрана помлади од 72 часа, освен патки од сојот Cairina moschata или нивни мелези кои може да бидат хранети;
11. „**Копитари**” се диви или питоми животни од видот equidae (вклучувајќи зебри) или магариња или потомци добиени со вкрстување на овие видови;
12. „**Аквакултура**” се живи риби, ракови и водни мекотели кои потекнуваат од одгледувалишта, вклучувајќи ги и оние од природни водни базени кои се наменети за одгледување;
13. „**Производи од аквакултура**” се производи добиени од аквакултура, било да се наменети за производство на јајца или икра, или наменети за исхрана на човекот;
14. „**Дивеч**” се диви копнени цицачи кои се ловат (вклучувајќи диви цицачи кои живеат во ограден простор во услови на слобода слична на онаа која ја имаат дивите животни) и диви птици кои не се опфатени со дефиницијата “Одгледуван дивеч” ;
15. „**Одгледуван дивеч**” се копнени цицачи или птици кои не се сметаат за домашни животни и кои не се говеда (вклучувајќи ги видовите Bubalus bubalus и Bison bison), свињи, овци, кози и домашни копитари, но се одгледуваат како да се домашни животни. Дивите животни кои живеат во ограден простор во услови на

слобода слична на онаа која ја имаат дивите животни, не се сметаат за одгледуван дивеч;

16. „**Стадо**” е животно или група на животни кои се чуваат во одгледувалиште како епизоотиолошка целина. Доколку повеќе од едно стадо се чува на истото одгледувалиште, секое од овие стада формира посебна единица и има ист здравствен статус;
17. „**Одгледувалиште**” е секоја активност, градба или во случај на одгледување на отворено, секое место каде што животните опфатени со овој закон, кои сочинуваат едно или повеќе стада се држат, чуваат и заедно се згрижени;
18. „**Објект**” е секое трговско друштво и друго правно лице во кое се чуваат животни, или произведуваат, складираат, преработуваат производи од животинско потекло, нуспроизводи од животинско потекло и предмети наменети за трговија;
19. „**Одговорно лице за чување на животните**” е секое физичко или правно лице кое ги поседува или е одговорно за животните, дури и времено;
20. “**Собирен центар**” се одгледувалишта, збирни места и добиточни пазари, каде што животните кои потекнуваат од различни одгледувалишта се групираат заедно заради формирање на пратки на животни наменети за трговија. Овие собирни центри мора да бидат одобрени во трговски цели и да ги исполнуваат условите од членот 73 на овој закон;
21. “**Трговец**” е секое физичко или правно лице кое купува и продава животни за комерцијални цели, било директно или индиректно, кое редовно врши промет со животни и кое најдоцна во рок од 30 дена по нивното купување истите ги препродава или ги преместува од еден во друг простор кој не е негова сопственост и кое ги исполнува условите пропишани во членот 72 од овој закон;
22. “**Нуспроизводи од животинско потекло**” се цели трупови или делови од животни или производи од животинско потекло кои не се наменети за човечка употреба, вклучувајќи кожи и крзна, јајце-клетки, ембриони и семе;
23. “**Суровина**” е секој животински производ користен како состојка за добивање на месни производи или други производи од животинско потекло, вклучувајќи екстракти од месо, обработена животинска лој, седимент од лој или сало, месно брашно, брашно од надворешни обвивки, солена или сушена крв, солена или сушена крвна плазма, исчистени, солени или сушени и/или термички обработени желудници, мочни и жолчни меури и црева или за подготовка на готови оброци;
24. “**Производи**” се производи од животинско потекло, вклучувајќи нуспроизводи од животинско потекло и растителна добиточна храна кои, особено заради нивната претстојна дестинација, може да предизвикаат ризик по здравјето на животните, човекот и животната средина, поради што треба да бидат подложени на ветеринарни прегледи пропишани со овој закон;
25. „**Храна за животни**” е секоја супстанција или производи вклучувајќи адитиви, кои се преработени, делумно преработени или непреработени и се наменети за користење како храна за животни;
26. „**Помии**” е отпад од кујните на средствата на меѓународен превоз и целиот отпад од храната наменета за човечка употреба, од ресторани и угостителски објекти или кујни, вклучувајќи кујни во индустријата или во домаќинствата;
27. „**Предмети**“ се неживи преносители на инфективни агенси кои може да бидат вклучени во пренесување на заразна болест кај животните;
28. „**Жариште**” е одгледувалиште или место каде што животните сочинуваат една епизоотиолошка целина и каде што официјално се потврдени еден или повеќе случаи на заразна болест кај животните;
29. „**Сомнителни на болест**” се оние животни кои покажуваат клинички знаци на болести кај животните;
30. „**Сомнителни на зараза**” се оние животни за кои се смета дека се инфицирани или заразени, со или без клинички знаци на болеста;
31. „**Зооноза**” е било која болест и/или инфекција која се пренесува по природен пат, директно или индиректно, од животните на човекот;

32. „**Центар за контрола на болести**” е центар за контрола на болести кој ги поддржува и координира мерките за контрола и искоренување на епизоотски болести;
33. „**План за итни мерки**” е однапред дефиниран збир на мерки и дејствија кои треба да се спроведат во случај на појава на епизоотска болест;
34. „**Заштитна зона**“ е географски определено подрачје во кое се применуваат одредени мерки за ерадикација на болест кај животните;
35. „**Зона на надзор**„ е географски определено подрачје во кое се применуваат одредени мерки за превенција на ширење на болест кај животните;
36. „**Карантин**” е мерка за заштита од ширење на болести кај животните која подразбира чување на животните во изолација во специјален простор и за определен временски период;
37. „**Ставање во промет**” е секоја постапка чија цел е трансфер на животни, производи или нуспроизводи од животинско потекло, или секоја друга форма на испорака, за исплата или бесплатно, или складирање со цел за снабдување на друг субјект;
38. „**Ветеринарно инспекциско место на граничен премин**” е секоја инспекциска испостава, лоцирана на надворешната граница и одобрена од Владата на Република Македонија, за спроведување на ветеринарни прегледи на животни, производи или нуспроизводи од животинско потекло кои влегуваат на, или поминуваат низ територијата на Република Македонија од други држави;
39. „**Ветеринарен преглед**” е секој службен преглед на документи, идентитет или физички преглед вклучувајќи земање на мостри, кој се врши врз животни, производи, нуспроизводи од животинско потекло или предмети заради директна заштита или на друг начин, заштита на јавното здравство или здравјето и благосостојбата на животните;
40. „**Преглед на документи**” е преглед на ветеринарно-здравствени сертификати или други документи кои ја придружуваат пратката;
41. „**Службена контрола**” е секоја контрола што Агенцијата ја спроведува за потврдување на усогласеноста со прописите за здравствената заштита на животните, ветеринарното јавно здравство и благосостојбата на животните;
42. „**Проверка на идентитетот**” е визуелна инспекција со која се утврдува дека ветеринарно-здравствениот сертификат или друг документ обезбеден согласно со прописите од обласа на ветеринарното здравство, одговара на пратката;
43. „**Физички преглед**” е преглед на пакувањето, означувањето и моменталната состојба на самата пратка и може да вклучи земање на мостри и лабораториско испитување;
44. „**Верификување**” е проверка со испитување и обезбедување на објективни докази дали пропишаните барања се исполнети;
45. „**Увид**” е систематско и независно испитување за да се одреди дали активностите и нивните резултати се во согласност со планираните подготовки и дали тие се ефективно имплементирани и се соодветни за постигнување на целите;
46. „**HACCP**” е систем што ги идентификува, проценува и контролира опасностите кои се значајни за безбедноста на храната;
47. „**Ветеринарно-здравствена инспекција**” е збир на активности преземени од официјален ветеринар или овластен ветеринар заради утврдување на здравствениот статус кај животните вклучувајќи ја и нивната благосостојба;
48. „**Инспекција**” е секое дејство преземено од официјален ветеринар или овластен ветеринар заради проверка на усогласеноста со одредбите од овој закон;
49. „**Увоз**” е внесување на животни и/или производи заради ставање во промет, кои потекнуваат од друга држава во Република Македонија;
50. „**Увозник**” е лице наведено како примач во ветеринарно-здравствениот сертификат или друг документ што ја придружува пратката, во чие име пратката се увезува во Република Македонија;

51. „**Транзит**” е пренесување на животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло преку Република Македонија од една држава или нејзин дел, во друга држава;
52. „**Извоз**” е изнесување на животни и/или производи или нуспроизводи од животинско потекло од територијата на Република Македонија;
53. „**Повторен извоз**” е извоз на производи кои при увозот не биле ставени во промет, туку биле означени за извоз од граничната инспекција, по нивно привремено складирање, препакување или натамошна обработка;
54. „**Превозни средства**” се средства за патен сообраќај или железнички возила, делови од бродови и авиони, кои се користат за превоз на животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло, вклучувајќи ја опремата за натовар;
55. „**Лице одговорно за пратката**” е секое овластено лице, кое има обврска да ја пријави пратката за преглед согласно со одредбите на овој закон и да преземе соодветни дејствија како резултат на овие прегледи;
56. „**Пратка**” е одреден број на животни, одреден број или количина на производи или нуспроизводи од животинско потекло од ист тип, опфатени во ист ветеринарно-здравствен сертификат или друг документ обезбеден согласно со прописите од областа на ветеринарнарното здравство, превезени со исто превозно средство, кои доаѓаат од иста држава или нејзин дел и кои потекнуваат од ист испраќач и кои се наменети за ист примач;
57. „**Епизоотиолошка единица**” е географско и/или административно подрачје кое опфаќа една општина;
58. „**Епизоотиолошко подрачје**” е географско и/или административно подрачје кое опфаќа две или повеќе соседни општини определени од страна на директорот на Агенцијата заради организирање и изведување на ветеринарни услуги од јавен интерес, согласно со прописите од областа на ветеринарното здравство;
59. „**Ветеринарна прва помош**” е зафат со кој се отстранува непосредната опасност по животот на животното;
60. „**Официјален ветеринар**” е ветеринар квалификуван, според одредбите од овој закон, вработен во Агенцијата за вршење на ветеринарни инспекции, на работно место државен ветеринарен инспектор;
61. „**Овластен ветеринар**” е ветеринар квалификуван според одредбите од овој закон, овластен од директорот на Агенцијата за вршење на ветеринарни инспекции како јавно овластување, под надзор и одговорност на Агенцијата;
62. „**Надлежен орган**” е Агенцијата за храна и ветеринарство во понатамошниот текст Агенцијата;
63. „**Директор на Агенцијата**” е директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија;
64. „**Државна ветеринарна служба**” е служба која ја спроведува ветеринарната дејност од јавен интерес на територијата на Република Македонија и
65. „**Одобрено тело, институт или центар**” е секој географски определен субјект одобрен и под надзор на агенцијата, каде што еден или повеќе видови на животни се чуваат и одгледуваат, со или без комерцијална цел и исклучиво за една или повеќе од следниве намени: изложување на животни и едукација на јавноста, зачувување на видови, основни и применети научни истражувања или одгледување на животни за потребите на тие истражувања (саем, изложба, циркус, зоолошка градина, експериментален центар и друго).

Член 36

**Вршење на здравствена заштита на животни и ветеринарно јавно здравство**

(1) Здравствената заштита на животните и ветеринарното јавно здравство од членовите 25 и 33 на овој закон ги вршат ветеринарните амбуланти, ветеринарните клиники и ветеринарните болници, како трговски друштва кои можат да ги основаат домашни или странски правни или физички лица ако ги исполнуваат следниве услови:

1) треба да имаат одобрение за работа издадено од Агенцијата за исполнувањето на барањата наведени во членовите 37, 38 и 39 од овој закон;
2) да бидат ставени под надзор на органот кој го издава одобрението и
3) да бидат регистрирани во Централниот регистар на Република Македонија.

(2) Поставување на дијагноза, препишување и апликација на ветеринарно-медицински препарати, лекување, хируршки, породилски и други зафати на животните, ветеринарно здравствени прегледи можат да вршат само доктори по ветеринарна медицина, со лиценца за работа.

(3) Лицата кои немаат завршено факултет по ветеринарна медицина и кои немаат лиценца за работа не можат да ги вршат активностите од ставот (2) на овој член.

(4) Вршење на активностите од ставот (2) од лицата од ставот (3) на овој член се смета за надриветеринарство.

(5) Ветеринарните техничари вработени во ветеринарни амбуланти, ветеринарни клиники и ветеринарни болници работат работи од техничка природа: вештачко осеменување, дезифенкција, дезинсекција и дератизација, како и други активости од областа на ветеринарното здравство под директен надзор и одговорност на доктор по ветеринарна медицина. Тие не смеат самостојно да вршат дијагностика, пропишување и апликација на ветеринарно-медицински препарати, лекување и хируршки зафати на животни.

(6) Регистрираните ветеринарни амбуланти, ветеринарните клиники и ветеринарни болници можат да бидат овластени со решение и да склучат договор со директорот на Агенцијата за спроведување на активностите на здравствена заштита на животните наведени во членот 26 од овој закон и активностите на ветеринарното јавно здравство наведени во членот 34 од овој закон во согласност со условите утврдени со прописите од областа на ветеринарното здравство и со друг закон, за период од пет години, со можност за продолжување на овластувањето и договорот за наредните пет години, за што треба да поднесат барање до Агенцијата во рок од шест месеца пред истекот на рокот на важење на одобрението.

(7) За извршување само на здравствена заштита на животните од членот 26 став (2) точка 1) и 22) покрај условите од став (1) од овој член ветеринарните амбуланти, клиники и болници треба да имаат склучено договор со одгледувачот.

(8) Здравствената заштита на животните и ветеринарното јавно здравство од членовите 25, 26 и 33 на овој закон може да ја вршат и Ветеринарни служби на одгледувалиште доколку се одобрени согласно член 44 од овој закон и тоа само врз животните кои се сопственост на правното лице кое ја основало ветеринарната служба на одгледувалиштето.

(9) Трошоците за извршените активности согласно став (8) на овој член се на товар на правното лице кое ја основало ветеринарната служба на одгледувалиштето

(10) Договорите годишно се ревидираат согласно со програмите и наредбите од членот 57 на овој закон.

(11) Агенцијата ќе го одземе одобрението од ставот (1) точка 1) на овој член на ветеринарните амбуланти, клиники и болници ако утврди дека тие веќе не ги исполнуваат условите за вршење на дејност или утврди сериозни недостатоци во нивното работење.

(12) Терцијарната здравствена заштита на животните и ветеринарно јавно здравство од членовите 27 и 35 на овој закон можат да вршат високообразовни и научно-истражувачки установи од областа на ветеринарната медицина.

(13) Агенцијата води евиденција за издадените одобренија за работа од ставот (1) на овој член и за ветеринарните амбуланти, клиники и болници кои имаат добиено решение за овластување за вршење на дејност од јавен интерес.

Член 40
**Јавен конкурс**

(1) Агенцијата објавува јавен конкурс за издавање на решение за овластување на ветеринарни амбуланти, ветеринарни клиники и ветеринарни болници за вршење на

активности од областа на здравствената заштита на животни од членот 26 на овој закон, и активности од областа на ветеринарното јавно здравство од членот 34 на овој закон и за назначување на овластени ветеринари во секоја епизоотиолошка единица.
(2) Покрај условите од Законот за трговските друштва, учесниците треба да обезбедат доказ за вработување на доктори по ветеринарна медицина кои можат да бидат назначени за овластени ветеринари, да ги исполнуваат техничко- технолошките услови за вршење на дејноста во поглед на соодветни објекти, спрема, како и да имаат финансиски средства за вршење на ветеринарната дејност, за што треба да се поднесе квалитетна финансиска или друга гаранција.
(3) Избор од пријавените понудувачи врши комисија формирана од министерот врз основа на понудената најниска цена и највисоката компетентност за вршење на работите.
(4) На избраните понудувачи министерот им издава решение за овластување за период од пет години. Незадоволните кандидати на јавниот конкурс можат да поднесат жалба до комисијата на Владата на Република Македонија, надлежна за решавање на управни работи од втор степен од областа на ветеринарната дејност.
(5) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува содржината, начинот и постапката на јавниот конкурс за издавање на решение за овластување на ветеринарните амбуланти, клиники и болници.

Член 40-а

**Издавање на Решение за овластување**

(1) Издавањето на решение за овластување на ветеринарните служби на одгледувалиштето за вршење на активностите од областа на здравствена заштита на животните од член 26 на овој закон, како и на ветеринарните амбуланти, клиники и болници кои ќе вршат активностите од областа на здравствена заштита на животните од член 26 точки 1) и 22) на овој закон, се врши врз основа на поднесено барање.
(2) Барањето од став (1) на овој член се поднесува до Агенцијата.

Член 41

**Договори со ветеринарни амбуланти, клиники и болници и назначување на овластени ветеринари**

(1) Директорот на Агенцијата склучува договори со избраните ветеринарни амбуланти, ветеринарните клиники или ветеринарните болници и ги назначува овластените ветеринари за вршење на активностите од членовите 26 и 34 на овој закон.
(2) Договорот од ставот (1) на овој член ги содржи најмалку следниве елементи:
- име на овластениот ветеринар вработен во ветеринарна амбуланта, клиника или болница,
- вид и обем на договорните активности,
- износ, начин и период на исплаќање на средства, за вршење на активностите, обезбедени од Буџетот на Република Македонија,
- име на епизоотиолошката единица каде што ќе бидат извршувани активностите,
- почеток и времетраење на активностите за кои се овластени,
- клаузула за годишно адаптирање на предвидените активности во форма на анекс договор,
- начин и услови за раскинување на договорот пред датумот на истекување на важност,
- причини за еднострано раскинување на договорот и
- одговорност на ветеринарната амбуланта, клиника и болница и на овластениот ветеринар за извршувањето на активностите.

Член 88

**Услови за транзит**

(1) Транзит на животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло низ Република Македонија е дозволен ако пратките потекнуваат од земја или нејзини

региони, од кои увозот на одделни видови животни, категории на производи или нуспроизводи од животинско потекло во Република Македонија е дозволен.
(2) Пратките што транзитираат низ Република Македонија подлежат на проверка на документи, идентитет и по потреба и физичкі преглед на влезот на граничниот премин.
(3) По извршената проверка и преглед од ставот (2) на овој член, официјалниот ветеринар на граничен премин изготвува записник за резултатот од извршената контрола и за тоа донесува решение.
(4) Превозникот или лицето одговорно за пратката е должно да постапува според решението на официјалниот ветеринар на граничен премин.
(5) Транзитот на пратките низ територијата на Република Македонија се врши под царински надзор и мора да се заврши во рок од 30 дена од влегувањето на пратката во државата.
(6) Пратките од овој член може привремено да се чуваат само во одобрени простории за привремено чување во слободни зони, слободни складови, простории за привремено чување или царински складови, и тоа:

1) физички да се разделени од производите кои се наменети за увоз и
2) со нив да се ракува онолку колку што е потребно за нивно складирање или за нивна поделба, при што пакувањето не смее да претрпи никакви промени.

(7) Одредбите од членот 85 на овој закон ќе се применуваат за пратки кои транзитираат, доколку со друг пропис поинаку не е утврдено.
(8) Трошоците направени за време на транзитот или при донесувањето на решенијата на официјалниот ветеринар на граничен премин, се на товар на лицето кое е одговорно за пратката без право на обесштетување од страна на Република Македонија.
(9) Директорот на Агенцијата може да пренесе одделни работи од членот 85 на овој закон на царинските органи, во случај на транзит на домашни миленици.
(10) Директорот на Агенцијата поблиску ги пропишува начинот и постапката за транзит, начинот и постапката на проверките и прегледот на пратките во транзит, како и формата и содржината на решението од ставот (3) на овој член.

Член 92

**Увоз на домашни миленици**

(1) За увозот на домашни миленици кои се придружени од сопственикот или одговорното лице, а кои не се наменети за трговија или за пренос на други лица и се најмногу до пет единки, треба да се исполнат условите од ставот (2) на овој член.
(2) За увозот на домашни миленици не се применуваат одредбите од членот 81 на овој закон, а покрај дозволата од членот 77 на овој закон истите мора да ги исполнуваат следниве услови:

1) да бидат поединечно идентификувани со тетоважа, електронски или со некое друго трајно средство за идентификација;
2) да се вакцинирани или третирани против болести карактеристични за одредени видови и
3) да бидат придружени со пасош или друг официјален документ кој обезбедува доказ за спроведениот третман.

(3) Увезените домашни миленици кои не ги исполнуваат условите од ставот (2) на овој член може да бидат:

1) вратени;
2) сместени во карантин каде што можат да бидат вакцинирани или третирани според упатствата на Агенцијата и
3) успиени, без надомест на штета на сопственикот ако не можат да се вратат или сместат во карантин.

(4) Директорот на Агенцијата поблиску ги пропишува начинот и постапката за увоз на домашни миленици.